## Зошто Алкалоид?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и кон континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец, затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ ВО НАШИОТ ТИМ!

Бараме **ПОМЛАД СПЕЦИЈАЛИСТ – СЕРТИФИКАЦИЈА НА СЕРИЈА QP**

Доколку сакате да бидете дел од тимот за обезбедување квалитет на модерна фармацевтска компанија, која се грижи за своите вработени, и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

### Како ќе ве препознаеме?

- Имате високо образование – магистер по фармација.
- Имате одлично познавање на англискиот јазик.
- Ги познавате и ги употребувате алатките во Microsoft Office (работа во MS Word, Ms Excel и во PowerPoint).
- Познавањето на важечките барања на добрата производствена пракса (cGMP) и на ISO 9001 ќе се смета за предност.
- Се одликувате со посветеност, иницијативност, високо ниво на комуникациски вештини, со ориентираност кон клиенти, аналитичност и со флексибилност.

### Цели и одговорности на работното место:

- учествува во изработката на сертификати за квалитет, како и на соодветни *темплејти* за сертификати;
- учествува во изработката на профили на сертификати за квалитет;
- врши објавување први серии по одобрена варијација за соодветен производ;
- ги следи иследувањата и извештаите за рекламации;
- ги проверува извештаите за девијации и за случаи кога се добиваат резултати надвор од пропишаната спецификација при изработка на сертификат за сообразност;
- самостојно подготвува изјави;
- изработува СОП-ови врзани за работењето на сертификација на серија/QP;
- работи во податочните системи АлкаДМС и АлкаСАП.

### Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и бенефити во зависност од остварените цели

### АПЛИЦИРАЈТЕ

- со испраќање писмо за мотивација, CV и копии од сертификати и од дипломи на електронската адреса career@alkaloid.com.mk (големината на прикачените документи да не надминува 20 MB)

**Огласот ќе трае до 30.03.2022**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
Здравјето пред сè

## Зошто Алкалоид?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и кон континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец, затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ ВО НАШИОТ ТИМ!

Во процесот на селекција ќе бидат вклучени само кандидатите кои ќе достават целосна документација и кои ги исполнуваат бараните услови. На интервју ќе бидат повикани само кандидатите кои ќе влезат во потесниот избор.

Изборот на најдобрите кандидати ќе биде извршен во рок од 45 дена од завршувањето на рокот за пријавување, во зависност од бројот на пријавените кандидати, а во согласност со член 23 од Законот за работни односи.

Со цел да обезбедиме законита обработка на Вашите лични податоци, а согласно Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП), Ве информираме дека со испраќање на Вашите документи на електронската адреса career@alkaloid.com.mk Вашите лични податоци, вклучително и Вашето CV, ќе бидат обработувани исклучиво за цели на Ваше учество во процесот на евалуација и селекција на кандидати и избор на нови вработени на конкретниот оглас, а по завршување на постапката за вработување, Вашите лични податоци ќе бидат избришани, што е во согласност со Законот за работни односи.

Но, доколку прифаќате Вашите лични податоци да се обработуваат и чуваат во базата на кандидати за вработување на Алкалоид АД Скопје и за идни вработувања, Ве молиме кога ќе се пријавите на овој оглас, во Вашата порака испратена на електронската адреса, да изјавите дека сте согласни Вашите податоци да се чуваат и обработуваат и за цели на Ваше учество во процесот на евалуација и селекција на кандидати за вработување и избор на нови вработени при идни вработувања.

Доколку во Вашата порака испратена на електронската адреса, не е содржана вакваа изјава за согласност, Вашите лични податоци ќе бидат избришани, а доколку е содржана вакваа изјава за согласност, Вашите лични податоци ќе ги чуваме во рок од 3 (три) години од датумот на аплицирање и ќе ги обработуваме за соодветни работни позиции. По истекот на 3 (три) години од датумот на аплицирање, повторно ќе Ве комуницираме со цел да не информирате дали сакате и понатаму да ги чуваме Вашите податоци или да ги избришеме. Доколку не добиеме повратна информација од Вас или доколку не дадете согласност за понатамошно чување и обработка на податоците, истите ќе ги избришеме.

Воедно, Ве информираме дека во секое време може да ја повлечете согласноста за обработка на Вашите лични податоци, со што Вашите лични податоци веднаш ќе бидат избришани од базата на кандидати за вработување на Алкалоид АД Скопје.

Алкалоид АД Скопје го задржува правото да стапи во контакт со Вас како заинтересиран кандидат за вработување, доколку се појави потреба, во временскиот период додека е активен Вашиот профил, односно додека трае Вашата согласност за обработка на Вашите лични податоци.

Согласно ЗЗЛП, во секое време имате право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката на личните податоци, преносливост на личните податоци и право на приговор.

За подетално запознавање со обработката на личните податоци на кандидатите за вработување и за нивните права согласно ЗЗЛП, Ве молиме да ја прочитате Информацијата за приватност за кандидатите за вработување и практиканство на Алкалоид АД Скопје, на следниот линк https://alkaloid.com.mk/mk/zashtita-na-lichni-podatoci

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
Здравјето пред сè